UNVIVERSITY GOCE DELCEV – STIP

FACULTY OF LAW



# STUDENT'S SOCIAL SCIENCE JOURNAL

YEAR 2022, ISSUE NUMBER 13

GOCE DELCEV UNIVERSITY – STIP
FACULTY OF LAW

ISSN 2545-4021

# STUDENT'S SOCIAL SCIENCE JOURNAL

ISSUE 13 VOLUME XIII

YEAR 2022



1

**STUDENT'S SOCIAL SCIENCE JOURNAL**
**FACULTY OF LAW**

**UNVIVERSITY GOCE DELCEV – STIP**

**Year 2022, Issue Number 13**
**ISSN 2545-4021**

**Publisher:**
prof. Jovan Ananiev, Ph.D

**Editorial Board**
prof. Blažo Boev, Ph.D
prof. Liljana Gudeva – Koleva, Ph.D
Risto Kostruranov, LL.M
prof. Jovan Ananiev, Ph.D
prof.Ana Nikodinovska Krstevska, Ph.D

**International Editorial Board**
**Ivan Ilic**
Faculty of Law, University in Nis, Serbia
**Agim Nuhiu**
Faculty of Law, State University of Tetovo, Macedonia
**Dunja Duić**
Faculty of Law in Osijek, Croatia
**Olga Koshevaliska**
Associate professor at the Faculty of Law
Goce Delchev University in Shtip, Macedonia
**Elena Maksimova**
Assistant professor at Faculty of Law,
Goce Delchev University in Shtip, Macedonia
**Ana Nikodinovska Krstevska**
Associate professor at Faculty of Law,
Goce Delcev University in Shtip, Macedonia
**Olga Sidenko**
Senior lecturer in political science at Voronezh state University,
Lecturer at Voronezh State University, Russia
**Dimitar Apasiev**
Assistant professor at the Faculty of Law,
University Goce Delcev – Shtip, Macedonia
**Andon Majhoshev**
Associate professor at the Faculty of Law,
University Goce Delcev – Shtip, Macedonia
**Darya Scheglova,**
Senior lecturer in political science at Voronezh state University,
Lecturer at Voronezh State University, Russia
**Boryana Aleksandrova**
Sofia University "St. Kliment Ohridski", Bulgaria;
Faculty of Law, Department for International Law and International Relations, Bulgaria
**Giorgia Bevilacqua**
National Research Council, Institute for Research on Innovation and Services for Development ", Italy
**Nives Mazur Kumrić**
Faculty of Law, University of Liège, Belgium
**Iskren Ivanov**
Senior Lecturer at Sofia University "St. Kliment Ohridski"

**Editorial Staff**
Ass. Prof. Elena Maksimova, Ph. D
Teaching assistant Natasha Doneva, LL.M

**Editor in chief**
Ass. Prof. Elena Maksimova, Ph. D

**Language editor**
Sladjan Spasovski
(Macedonian language)

**Technical editor**
Slave Dimitrov

**Address of the Editorial office**
University Goce Delcev – Stip
Faculty of Law
ul."Krste Misirkov" 10-A PO.BOX 201
PO. Box 201, 2000 Stip
Republic of North Macedonia

Содржина

*ГЕОРГИЕВ Јане*
**КАРАКТЕРИСТИКИ НА КРИМИНАЛ ОД ОМРЗА** ............................................................. 5

*МИТРЕВСКИ Калин*
**УЛОГАТА НА ДОГОВОРОТ ЗА ЛИЦЕНЦА ПРИ ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА ОД ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ** ........................................................................... 17

*СУРЛОВА Розе*
**БИОЛОШКОТО ОРУЖЈЕ КАКО АЛАТКА НА ТЕРОРИСТИТЕ - БИОТЕРОРИЗАМ** ..... 27

**МИТРЕСКИ КАЛИН**

**УДК:** 347.77.043
347.77.043:340.13(497.7)

# УЛОГАТА НА ДОГОВОРОТ ЗА ЛИЦЕНЦА ПРИ ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА ОД ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ

**Апстракт**

Во денешниот свет транспортот на луѓе, производи и информации и размената на идеи и споделувањето знаење е побрза, полесна и поевтина од кога и да е во минатото. Интелектуалната сопственост е релативно понова гранка која опфаќа широк спектар на умствени креации, како што се пронајдоци, литературни и уметнички дела, симболи имиња, слики кои се користат во трговијата, вклучително и права на индустриска сопственост.

Една од првите точки на интерес на преговарачите на договор за лиценца е идентификација на физички или правни лица кои ќе станат страна или со други зборови ќе го склучат договорот за лиценца и ќе станат законски обврзани да ги извршуваат неговите одредби. Целта на опишувањето на страните на договорот за лиценца е секоја да се идентификува со доволна сигурност, така што нивниот идентитет подоцна нема да стане предмет на контроверзии.

Со овој труд се опишува производ што треба да се направи, користи или продава или постапката која треба да се применува и од која ќе се добие производ којшто ќе користи или продава. Овие одредби, исто така, ќе го идентификуваат пронајдокот или пронајдоците вклучени во тој производ или постапка, при што се упатува на соодветните патенти или пријави за патент, се опишува знаењето и искуството кое што треба да се обезбеди, доколку такво постои и се идентификуваат технолошките унапредувања на едната или на другата страна и условите под кои тие ќе бидат достапни.

Во конкретниот труд, за улогата на договорот за лиценца при остварување на правата од интелектуалната сопственост ќе се задржиме на општо значајните цели на договорот за лиценца, спецификите на договорот за лиценца, предностите и недостатоците на лиценцирањето, времетраењето на договорот за лиценца, како и договор за лиценца во македонското законодавство.

**Клучни зборови:** *права од индустриска сопственост, авторски права, заштита на права од интелектуална сопственост, закон за индустриска сопственост, договор за лиценца.*

**MITREVSKI KALIN**

**UDK:** 347.77.043
347.77.043:340.13(497.7)

# THE ROLE OF THE LICENSE AGREEMENT IN EXERCISING THE INTELLECTUAL PROPERTY RIGHTS

**Abstract:** In today's world, transporting people, products and information and exchanging ideas and sharing knowledge is faster, easier and cheaper than ever before. Intellectual property is a relatively new branch that covers a wide range of intellectual creations, such as inventions, literary and artistic works, symbols, names, images used in commerce, including industrial property rights.

One of the first points of interest of the negotiators of the license agreement is the identification of natural or legal persons who will become a party or in other words will conclude the license agreement and will become legally obliged to fulfill its provisions. The purpose of describing the parties to a license agreement is to identify each one with sufficient certainty that their identities will not later become the subject of controversy.
This paper describes the product to be made, used or sold or the procedure to be applied and from which the product to be used or sold will be obtained. These provisions will also identify the invention or inventions involved in that product or procedure, refer to the relevant patents or patent applications, describe the knowledge and experience to be provided, if any, and identify the technological promotions on one side or the other and the conditions under which they will be available.

In this paper, on the role of the license agreement in exercising intellectual property rights, we will focus on the generally important objectives of the license agreement, the specifics of the license agreement, the advantages and disadvantages of licensing, the duration of the license agreement, and the agreement. for a license in the Macedonian legislation.

## Вовед

Како важен аспект при остварување на правата од индустриска сопственост е остварувањето, односно изразувањето на нивната променливост. Како една од главните карактеристики со која се одликуваат правата од индустриска сопственост е нивната динамичност. Во денешниот свет транспортот на луѓе производи и информации, и размената на идеи и споделувањето знаење е побрза, полесна и поевтина од кога и да е во минатото. Дигиталната ера, во последните години овозможува откривање на нечии идеи и креации дури и со само еден клик на интернет пребарувачот. Преку обезбедување на соодветна правна заштита на идеите и креациите, производ на човековиот ум се овозможува заштита на правата и се избегнува ризикот трети лица да располагаат и да ги продаваат како нивни. Системот на заштита на правата од интелектуална сопственост има за цел да ги балансира интересите на иноваторите и јавниот интерес, преку воспоставување средина во која креативноста и пронајдоците имаат можност за просперитет. Еден од главните инструменти преку кој се пренесуваат правата од индустриска сопственост е договорот за лиценца. Договорот за лиценца е еден од најчестите договори во праксата. Со договорот за лиценца титуларот на правото од индустриска сопственост – давач на лиценца, дава, односно отстапува на друга страна која е титулар на лиценцата – стекнувач на лиценцата, лично право на употреба на предметот на договорот, притоа задржувајќи го заштитеното право за себе. Она што го разликува договорот за лиценца од договорот за цесија е тоа што по пат на договорот за лиценца се пренесува правото на користење на предметот на договорот со тоа што стекнувачот на лиценцата не е правен сукцесор на заштитеното право на индустриска сопственост и давачот на лиценцата може да располага со правата кои не ги пренел со договорот. Во случај пак на договор за цесија се пренесува правото од индустриска сопственост од цедентот на цесионерот. Договорот за лиценца има огромно значење како во правниот промет во внатрешното стопанство, така и во меѓународниот промет со стоки и услуги. Имено, договорот за лиценца ги поттикнува идните творци и пронаоѓачи затоа што им овозможува своите творби и своите патентирани и непатентирани пронајдоци да ги амортизира отстапувајќи им го со надомест на незаинтересираните субјекти – стекнувачи на лиценцата. Добиените лиценци за патентирано и непатентирано знаење, жигови, мостри и модели, компјутерски софтвер итн. треба да бидат база за создавање на сопствено комплементарно знаење од страна на стекнувачот на лиценцата.

## 1. Општо за договорот за лиценца

Како појдовна точка на интерес на преговарачите на договор за лиценца е идентификација на страните. Ова подразбира идентификација на физички или правни лица кои ќе бидат страна на договорот односно кои ќе го склучат договорот за лиценца и на тој начин од договорот ќе произлегуваат за нив обврски кои треба да ги извршуваат. Целта на опишувањето на страните на договорот за лиценца е секоја да се идентификува со доволна сигурност, така што нивниот идентитет подоцна нема да стане предмет на контроверзии. Предмет на договорот на лиценца е еден производ, па со одредбите од договорот за лиценца се опишува производот што треба да се направи, користи или продава или постапката која треба да се применува и од која ќе се добие производ којшто ќе се користи или продава. Овие одредби, исто така, ќе го идентификуваат пронајдокот или пронајдоците вклучени во тој производ или постапка, при што се упатува на соодветните патенти или пријави за патент, се опишува знаењето и искуството кое што треба да се обезбеди, доколку такво постои, и се идентификуваат технолошките унапредувања на едната или на другата страна и условите под кои тие ќе бидат достапни.[1] Меѓутоа, лиценцата може да содржи и договорни ограничувања. Вакви договорни ограничувања најчесто се однесуваат на дозволените активности (производството, продажбата, областите на користење итн.), или пак го опфаќаат делот на побарувања во врска со нив. Воедно постојат и територијални ограничувања или ограничувања на количество, или ограничувања на продажните цени. Со договорот за лиценца ќе се прецизира која од страните ќе може, врз основа на неговите одредби, да ги презема дејствијата на искористување, на која територија или територии и со каков ефект на аранжманите што давачот на лиценцата и стекнувачот на лиценцата ги имаат со трети лица, а тоа нешто мора јасно се прецизира во договорот за лиценца. Треба да се внимава на тоа одредбите да не бидат спротивни со анти-труст или анти-конкурентските практики во кој случај таквите одредби се сметаат за ништовни или рушливи.

Како прашањата кои се јавуваат и кои треба се решат се оние кои се однесуваат на искористувањето (експлоатацијата) на производот, на квалитетот на самиот производ, обемот на производство, можноста стекнувачот на лиценцата да овласти трети лица да изработат дел на производот, увозот на производот. Стекнувачот на лиценцата може, исто така, да бара гаранција дека испорачаното знаење и искуство ќе биде соодветно за постигнување на целта која е договорена со давачот на лиценцата, за која цел во договорот за лиценца е  вклучена „одредба за гаранција“. Како друго прашање кое се уредува со договорот за лиценца е решавањето на споровите кои може да се јават во врска со договорот на лиценца како и видот на споровите иако може да биде проблематично однапред да се идентификуваат проблемите кои може да настанат за време на траењето на договорот за лиценца.

Од друга страна пак не е тешко да се договори механизам за решавање на споровите во случај тие да настанат. Дополнителното решавање на спорови, вклучува уште два аспекти – правото со кое се регулира договорот и методот и форумот за решавање на спорот. Првиот аспект претставува прашање за кое се водат преговори. Во секој случај може да се определи правото на земјата на давачот на лиценцата, правото на стекнувачот на лиценцата или, правото на земјата каде што се исполнуваат сите или претежниот дел од договорните обврски. Што се однесува на методот и форумот за решавање на спорот договорните страни може да одлучат спорот да се решава со помош на медијатор, или од страна на арбитража или крајно по судски пат. Она што е важно е дека договарањето во врска со овие прашања обезбедува најдобра можност за брзо и лесно решавање на споровите. Во однос на арбитражата и

[1]www.ladas.com/IPProperty/Licensing/InternationalIPLicensing, International Licensing - Structuring Deals Worldwide. Ladas & Parry

медијацијата, во договорот може да се вклучи клаузула со која како надлежен форум за решавање на споровите се определува Центарот за арбитража и медијација на СОИС.[2]

Со договорот за лиценца се определува и нејзиното времетраење односно нејзиното започнување, траење и престанок. Правата на ИС можат да бидат лиценцирани за максималниот период на нивно важење (на пример, максимумот за патенти обично е 20 години), но тој рок може да биде и покус. Воедно страните со договорот можат да го задржат правото да го раскинат договорот ако настапат одредени околности.

Договорот за лиценца има свое економско значење. Пред сè договорот за лиценца е самостоен договор за пренос на правата на интелектуална сопственост, а ова е битно од аспект на тоа да се долови улогата на договорот за лиценца или значењето што различните видови лиценца го имаат за страните на овој договор. Понатаму, договорот за лиценца  е еден од основните модалитети на пренос на технологии. Договорот за лиценца служи како правен инструмент и во рамки на сложените договори во областа на меѓународното право, а има свој удел и во трговските друштва. Оттука произлегува дека улогата на договорот за лиценца е многу значајна. Економската улога на договорот за лиценца и нејзиното значење се зголемува паралелно со зголемување на заштитата на правата на интелектуална сопственост и нивната хармонизација во светски рамки. За улогата која договорот за лиценца ја има во меѓународниот промет на стоки и услуги постојат бројни меѓународни регулативи кои ја уредуваат оваа материја. Улогата на договорот за лиценца доаѓа до израз на меѓународно ниво кога се врши трансфер на технологии од развиените земји во земјите во развој или неразвиените земји. Улогата на лиценцата е значајна и на макроекономски план, во случај кога една држава склучува договори за соработка на економски план со други земји. Новите правила за договорите за лиценца во Европа се заокружени со Регулативата бр.240/96 од јануари 1996 која се однесува на примената на членот 85 (3) од Европската конвенција за договорите за трансфер на технологии.[3] Секако дека договорите за лиценца имаат своја улога и на ниво на Европската Унија особено при трансферот на технологиите. Европската  Унија се обидува на овој начин да ја промовира идејата за отворени граници и отворен пазар, а од друга страна истовремено се обидува да го заштити и интензивира технолошкиот развој.

Договорот за лиценца може да се јави како дел од договорите за продажба на инвестициска опрема, лизинг, франшизинг, заедничко вложување, трговија со ликови итн. Договорот за лиценца преку посебни клаузули може да се вметне при уредување на други договорни односи. Тоа се договори или договорни односи од различен вид како договори за продажба и увоз на стоки, договори за инвестициони потфати, давање на интелектуални услуги, трговија со ликови и сл. Договорите за купопродажба на стоки многу често во себе содржат клаузули од договори за лиценца или know how. Пласманот на пазарот на таквите стоки и услуги, вообичаено се заснова на трговскиот или услужниот жиг, или трговското име или специјалниот декор или дизајн на предмисите. Договорот за лиценца за таков жиг или за трговското име секогаш се комбинира со определено знаење и искуство на нивниот носител - титулар, а тоа е know how од типот на технички информации, технички услуги, техничка помош, менаџерски услуги кои се однесуваат на производството, маркетингот, раководењето и администрирањето.[4] Договорот за лиценца наоѓа своја примена и во договорите за изведување на инвестициски работи во странство кој претставува мешовит договор кој ги обединува договорите за меѓународна купопродажба на инвестиции и договорите за градење.

---

[2]http:iirc.cordis.lu , Innovation Relay Centre (IRC) Gateway

[3] Regulation No 240/96 of January 31, 1996 on the Application of Article 85(3) of the Treaty to Certain Categories of Tehnologies Transfer Agreements, OJEC no L 31 p.2 of February 1996

[4]Аќимовска Поленак М, Анастасовска Дабовиќ Ј. и други, Право на индустриска сопственост – избор на текстови, Скопје, 2003, Правен факултет Јустинијан Први, Центар за обраование за индустриска сопственост, стр.11-12

### 1.2. Специфики на договорот за лиценца

Договорите за лиценци се одликуваат со некои специфични одредби како:

- Дозвола за користење како основна одредба која најчесто се наведува како право во договорите за лиценци е одредбата која се однесува на доделување на дозвола за користење на релевантната трговска марка или  марки. Воедно, во овој контекст важно е да се наведат спецификите на трговската марка или марки, заедно со производите за кои ќе се користи трговската марка.
- Стекнувачот на лиценцата има интерес да знае со колку други лица давателот на лиценцата ќе склучи договори за истата територија. Воедно важна информација за стекнувачот е дали давателот на лиценцата самостојно ќе прави дистрибуција на таа територија или пак со помош на други лица. Крајно, од значење за стекнувачот на лиценцата е да дознае на кои други места ќе се склучат други договори за лиценца, од аспект на тоа да обезбеди сигурност за себе, во смисла на тоа дека неговите конкуренти и ривали склучиле договори под слични услови.
- Контрола на квалитет
  Во договорите за лиценца е вметнувано одредба со која се создава обврска за стекнувачот на лиценцата дека тој нема да ја користи марката на производи што не го постигнале стандардот за квалитет пропишан од страна на давателот на лиценцата. Одредбите за контрола на квалитетот, му служат на стекнувачот на лиценцата(корисникот) да ги добие, како доверливи, сите технички податоци, спецификации, знаење и искуство на давателот на лиценцата со чија помош ќе успее да ги исполни пропишаните стандарди за квалитет. Спроведувањето на овие одредби, подразбира корисникот да испрати мостра од производите до давателот на лиценцата и да дозволи инспекции на неговата фабрика, магацин и на методите за производство, материјалите што се користат, складирањето и пакувањето на готови производи. Од друга страна договорот за лиценца не треба да биде ригиден и треба да остави простор за корисникот да може да располага со производи кои не го исполнуваат стандардот за квалитет, но под услов тие да не се означени со трговската марка на давателот на лиценца.
- Пуштање во промет
  Со лиценцата се одредува територијата на користење на марката. Така, договорот за лиценца е потребно да уредува забрана за тргување надвор од назначената територија, а воедно и одредби кои му забрануваат на давателот на лиценцата самостојно да настапува на конкретна територија. Важно е да се спомене дека во договорите за лиценца потребно е да има одредби кои ќе уредуваат дека стекнувачот на лиценцата мора да побара одобрение од давателот на лиценцата за рекламниот материјал којшто се употребува од страна на стекнувачот на лиценцата.
- Финансиски аранжмани
  Дополнително на барањето паушален надомест или тантиеми за стекнување на правото да се користи трговската марка, давачот на лиценцата, исто така, може да бара надомест на обезбедувањето квалификувани лица коишто ќе ги обучуваат вработените на стекнувачот на лиценцата за материјалите кои се потребни да се постигнат пропишаните стандарди за квалитет, согласно договорот. Аранжмани, исто така треба да се направат за алоцирање на трошоците за постапките за земање мостри. Конечно, од стекнувачот на лиценцата обично се бара да водат детални книги и евиденција на продажбата на производите означени со трговската марка.[5]

- Повреди

[5]http://www.ippo.gov.mk/docs/xFiles/Pub/TajnitenaIS/TajnitenaIS.pdf

Стекнувачот на лиценцата, со договорот е задолжен да поднесува извештаи до давателот на лиценцата за сите детали за повредите што се случуваат на трговската марка со цел давателот на лиценцата да ги спроведува сите постапки во врска со тие повреди.

## 2. Предности и недостатоци на договорот за лиценца

### 2.1. Предности и недостатоци на лиценцирањето

Една компанија која е носител на патент, знаење и искуство или други права на ИС, но не може или не сака да биде вклучена во производство, би можела да има корист од лиценцирање на тие добра на ИС, потпирајќи се на подобриот производен капацитет, поширокaта дистрибутивна мрежа, поголемото локално знаење и искуства и капацитети за менаџмент на друга компанија (на стекнувачот на лиценцата).

Покрај тоа:

• За давачи на лиценца со искуство во областа на истражување и развој на производ може да биде поефикасно да лиценцираат нови производи, наместо самостојно да започнат нивно производство.
• Лиценцирањето може да се користи да се добие пристап до нови пазари, кои се инаку недостапни. Со давањето лиценца на правото да се производот да се пушти во промет и дистрибуира, давачот на лиценцата може да се пробие на пазарите на кои на друг начин не може да ги опфати.
• Договорот за лиценца, исто така, може да обезбеди давачот на лиценцата да се стекне со права во однос на подобрувањата, знаењето и искуството и сродни производи кои ќе бидат развиени од страна на стекнувачот на лиценцата за време на траењето на договорот. Меѓутоа, давачот на лиценцата не секогаш може да ги бара овие права, а во некои земји постојат силни ограничувања за вклучување на клаузули од овој тип во договорите за лиценца.
• Лицето кое прави повреда на првата на ИС или конкурентот, може да се претвори во еден сојузник или партнер преку решавање на спорот околу ИС вон судот и постигнување согласност за склучување договор за лиценца.
• Лиценца може да биде од суштинско значење ако производот најдобро се продава кога е вграден во друг производ или се продава за заеднички да се употребуваат или ако за ефикасно производство или сервисирање истовремено се потребни повеќе лиценци, на пример за патенти чии носители се различни бизниси.
• Последно, но не и најмалку важно, договорот за лиценца му овозможува на давачот на лиценцата да остане носител на правото на ИС а во исто време да има приход од него, дополнително од приходот од експлоатацијата која сам ќе ја спроведува со продажба на стоки и вршење услуги.

-Ризиците на лиценцирање го вклучуваат следново:
• Стекнувач на лиценцата може да стане конкурент на давачот на лиценцата. При тоа стекнувачот на лиценцата може да ја уништи продажбата на производот и со тоа надоместокот што ќе го добие давачот на лиценцата да биде помал од загубите кои би ги имал со тоа што продажбата е кај нивниот конкурент. Стекнувачот на лиценцата може да биде поефикасен или побрзо да го придобие пазарот во однос на давачот на лиценцата бидејќи има помалку трошоци за развој.
• Стекнувачот на лиценцата може (одеднаш) да побара дополнително учество на давачот на лиценцата како што е техничка помош, обука на персоналот, дополнителни технички податоци итн. Сето ова едноставно може да се покаже прескапо за давачот на лиценцата. Важно е, договорот за лиценца јасно да ги дефинира правата и обврските на страните, така што кое било идно несогласување да може да биде брзо и ефикасно решение.

• Давачот на лиценцата зависи од вештините, способностите и ресурсите на стекнувачот на лиценцата, како извор на приходи. Оваа зависност е уште поголема кај исклучивата лиценца, каде неефективна лиценца може да значи дека давачот на лиценцата нема да има приходи во вид на надоместоци. Договорни одредби за минимални надоместоци и други услови можат да обезбедат заштита во вакви случаи, но сепак тие остануваат како опасност.
• Договорот за лиценца може да е неповолен кога производот или технологијата не е јасно дефинирана или не е завршена. Во таков случај, од давачот на лиценцата може да се очекува да продолжи со работата на развојот за да го задоволи стекнувачот на лиценцата, за што може да има големи трошоци.

### 2.2. Предности на лиценцирање за стекнувачот на лиценцата

Има различни начини на кои договорот за лиценца може да му овозможи на стекнувачот на лиценцата зголемување на приходите и профитот и проширување на пазарот.

• Често постои потреба на пазарот брзо да се воведат нови производи. Договорот за лиценца што овозможува пристап до технологии што веќе се воспоставени или лесно достапни, може да му овозможи на едно претпријатие побрзо да направи пробив на пазарот.

• Малите компании може да немаат ресурси за спроведување на истражување и развој кое е потребно за да се обезбедат нови или супериорни производи. Договорот за лиценца на претпријатието може да му овозможи пристап до технички напредок, кој инаку тешко би го добило.

• Лиценца, исто така, може да е потребна за одржување и развој на позиција на пазарот која е веќе добро воспоставена, но е загрозена од нов дизајн или нови производствени методи. Трошоците кои се појавуваат при следење на настаните и трендовите може да биде застрашувачки, па брз пристап до новите технологии, преку договор за лиценца може да биде најдобар начин да се надмине овој проблем.

• Постојат опции за лиценцирање, коишто кога ќе се поврзат постојното портфолио на технологијата на компанијата, може да доведат до креирање нови производи, услуги и можности на пазарот.

### 2.3. Недостатоците на лиценцирањето за стекнувачот на лиценцата

• Стекнувачот на лиценцата може да создаде за себе финансиска обврска за технологија која не е подготвена да биде комерцијално експлоатирана или мора да биде изменета за да се задоволат бизнис потребите на стекнувачот на лиценцата.

• Лиценца за права на ИС можат да предизвика нови трошоци за производ кој не е поддржан од страна на пазарот за овој производ. Во ред е да се воведе нова технологија, но само ако трошоците се подносливи во смисла дека пазарот ќе ја издржи цената што треба да се наплати. Кога за еден производ ќе се вклучат повеќе технологии, тоа ќе доведе до технолошки богат производ, но тој може да биде премногу скап за пазарот.

• Лиценцирање може да креираа технолошка зависност од доставувачот, што може да одлучи да не го обнови договорот за лиценца, да преговара за договор за лиценца со конкурентите, да ги ограничи пазарите на кои може да се користи лиценцираната технологија и да ги ограничи дејствијата за искористување кои се дозволени согласно договорот за лиценца.

Лиценцирањето на права на ИС може да доведе до проблеми и за давачот на лиценцата и за стекнувачот, доколку владините регулаторни агенции сметаат дека тоа по својата природа е антиконкурентно или спротивно на правниот поредок. И, се разбира,

лиценците се сложени и ако сите материјални услови внимателно не се проучат и проверат од правен советник може да бидат штетни. Со претходна подготовка и правни совети, сепак, лиценцирањето на ИС може да стане една од основните бизнис алатки од која и двете страни може да имаат корист.

### 2.4. Времетраење на договорот за лиценца

Времетраењето на договорот за лиценца, односно неговото започнување, траење и престанок, мора да се определи со договорот. Правата на ИС можат да бидат лиценцирани за максималниот период на нивно важење (на пример, максимумот за патенти обично е 20 години). Договорот за лиценца може да биде и за покус рок, а страните можат да го задржат правото да го раскинат договорот ако настапат одредени околности.[6]

## 3. Договор за лиценца во македонското законодавство

Во нашето законодавство, Договорот за лиценца е нормиран, не само во Законот за индустриска сопственост, туку и во ЗОО и тие служат при внатрешен стоковно паричен промет на правата од индустриска сопственост. Што се однесува до надворешниот стоковно паричен промет од значење е Законот за надворешно трговско работење од 1993 година. Имено, во нашиот правен систем е прифатено дека со договорот за лиценца може да се пренесува патент и другите облици од индустриска сопственост (моделите, мострите, жиговите).

Според нашето право Договорот за лиценца има облигационо правно дејство (релативно дејство, дејство inter partes), а со впишувањето во регистарот кој се води во Заводот за заштита на индустриската сопствност, кој регистар има значење на јавна книга, овој договор добива и апсолутно дејство (дејство erga omnes), дејство спрема трети лица.[7] Договорот за лиценца кој не е запишан во регистарот кој се води во Заводот за заштита на индустриската сопственост, не произведува апсолутно правно дејство, туку само дејство меѓу договорните страни.

Од аспект на нашето право, договорот за лиценца претставува двострано – обврзувачки договор – договор со взаемни права и обврски кој е исто така и товарен договор бидејќи страната во чија полза е заклучен договорот мора да и даде соодветно надоместување на другата страна). Понатаму, овој договор се склучува помеѓу точно определени права и создава траен облигационо правен однос меѓу договорните страни. Карактеристично за договорот за лиценца е тоа што има личен карактер, односно се склучува поради некои лични својства на титуаларот на лиценцата како неговите професионални можности, финансискиот, развојниот и останатиот потенцијал. Договорот за лиценца е договор кој се склучува во писмена форма. Формата на договорот за лиценца е предвидена со Законот за индустриска сопственост кој определува задолжителна писмена форма како услов за полноважноста на договорот за лиценца (член 109 став 2), а ваквата форма е предвидена и во ЗОО.

Оттука произлегува дека кај овој вид договор станува збор за законска задолжителна писмена форма и таа важи за сите подоцнежни измени на договорот за лиценца. Писмената форма кај договорите, законот ја определува за оние односи кои се важни и сложени и притоа во член 70 од ЗОО е предвидена санкција од непочитување на задолжителната форма на договорот и тоа договорите кои не се склучени во пропишаната форма нема да имаат правно дејство доколку од целта на прописот со кој е определена формата не произлегува нешто друго.

---

[6]http://www.ippo.gov.mk/docs/xFiles/Pub/TajnitenaIS/TajnitenaIS.pdf

[7]Законзаиндустрискатасопственост („СлужбенвесникнаРепубликаМакедонија“ бр. 21/2009, 24/2011, 12/2014, 41/2014, 152/2015, 53/2016 и 83/2018 и „СлужбенвесникнаРепубликаСевернаМакедонија“ бр. 31/2020), член 111

Следствено на горенаведеното произлегува дека договорот за лиценца е таков договор со кој не се воспоставува релација помеѓу поранешниот давател на лиценцата и стекнувачот на подлиценцата, туку однос помеѓу поранешниот стекнувач на лиценцата и стекнувачот на лиценцата.

Крајно, произлегува дека согласно македонското право договорот за лиценца е договор inter partes додека пак со впишување во Заводот за заштита на индустриска сопственост добива и дејство erga omnes.

Покрај задолжителната писмена форма на договорот за лиценца, нашето законодавство предвидува и регистрација на договорот за лиценца во соодветните регистри кои ги води Заводот за заштита од индустриска сопственост, а тоа нешто е во согласност со начелото на совесност и чесност, правна сигурност и јавност на регистрите.

**Заклучок**

Отстапувањето на користење на правото од индустриска сопственост се врши со склучување на договор за лиценца со кој давателот на лиценцата се обврзува на стекнувачот на лиценцата да му го отстапи во целост или делумно правото на искористување на: пронајдокот, индустрискиот дизајн, трговската марка (како најчест случај) и know how - практично знаење и стекнато искуство, а стекнувачот на лиценцата се обврзува да му плати на давателот на лиценцата определен надомест.

Може да се заклучи дека договорот за лиценца е двострано обврзувачки договор, како и товарен договор од причина што постои надоместување. Договорите за лиценца се сигурен столб на деловната активност и таквите договори се користат насекаде. Тешко е да се замисли пренесувањето на правата од индустриска сопственост без соодветен договор. Секое поле на активност, не само развој на софтвер, има потреба од вакви договори. Кога една компанија, индивидуа или дури и цела држава ќе користи каков било интелектуален производ за да оствари приход, договорот за лиценца би бил од големо значење.

**Користена литература**


http://www.ippo.gov.mk/docs/xFiles/Pub/TajnitenaIS/TajnitenaIS.pdf;

http://www.ippo.gov.mk/docs/xFiles/Pub/TajnitenaIS/TajnitenaIS.pdf;

http://www.ippo.gov.mk/docs/xFiles/Pub/TajnitenaIS/TajnitenaIS.pdf

http:iirc.cordis.lu , Innovation Relay Centre (IRC) Gateway;

Regulation No 240/96 of January 31, 1996 on the Application of Article 85(3) of the Treaty to Certain Categories of Tehnologies Transfer Agreements, OJEC no L 31 p.2 of February 1996;

www.ladas.com/IPProperty/Licensing/InternationalIPLicensing,International Licensing - Structuring Deals Worldwide. Ladas & Parry

Годишник на Правниот Факултет "Јустинијан први" во Скопје, 2007;

Законзаиндустрискатасопственост („СлужбенвесникнаРепубликаМакедонија" бр. 21/2009, 24/2011, 12/2014, 41/2014, 152/2015, 53/2016 и 83/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 31/2020;

Право на индустриска сопственост – избор на текстови, Аќимовска Поленак М, Анастасовска Дабовиќ Ј. и други, Скопје, 2003, Правен факултет Јустинијан Први, Центар за обраование за индустриска сопственост;